Дневни билтени

**2015**

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

**2016**

**2017**

**2018**

**2019**

**2020**

## Извадок на дел од дневни настани 30.12.2019

На 29.12.2019 во 16.00 часот на подрачјето на Центар – Скопје, полициски службеници го лишиле од слобода Б.Р.Ц.(28) од САД, поради постоење основи на сомнение дека сторил кривично дело „тешка кражба“. За настанот е известен јавен обвинител, а лицето е предадено на полициски службеници од Полициска станица Центар за понатамошна постапка.

На 29.12.2019 околу 17.00 часот, полициски службеници на СВР Тетово, пред продажен објект на ул.„Маршал Тито“ во Тетово, пронашле и одзеле 985 парчиња разновидни пиротехнички средства, петарди и ракети. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Во текот на викендот на подрачјето на СВР Скопје преземени се мерки и активности при што од сообраќај се исклучени 14 возачи, од кои шест возачи затоа што управувале возила под дејство на алкохол и осум возачи затоа што управувале возила без да се стекнат со право на управување на моторно возило. Исто така, исклучени од сообраќај се и пет возила бидејќи биле нерегистрирани. Санкционирани се шест возачи поради поминување на крстосница на црвено светло и двајца возачи поради недавање првенство на минување на пешаци. Во текот на изминатите денови 124 возила се подигнати со специјално возило „пајак".

На 29.12.2019 околу 11.30 часот на крстосница од ул.„Илинденска" и крак од ул. „Илинденска" во Куманово, патничко возило „киа", со кумановски регистарски ознаки, управувано од Д.П.(32) од Куманово, удрило во пешакот С.Д.(75) од Куманово. Во незгодата пешакот се здобил со тешки телесни повреди и бил пренесен во болницата во Куманово за укажување на лекарска помош. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Куманово.

На 29.12.2019 околу 17.40 часот на магистралниот пат Струмица – Радовиш, патничко возило „пежо", со штипски регистарски ознаки, управувано од 16 - годишен малолетник од Струмица, излетало надвор од патот. Во незгодата, сопатниците А.О.(20) и 13-годишен малолетник, двајцата од Струмица, се здобиле со тешки телесни повреди, додека возачот и уште двајца малолетни сопатници, на возраст од 14 и 15 години, двајцата од Струмица, се здобиле со телесни повреди. Тие биле пренесени во Клинички центар Штип за укажување на лекарска помош.  Увид на местото на настанот извршила екипа од Полициската станица Радовиш.

На 29.12.2019 во 17.00 часот во Полициската станица Гази Баба, К.К.(49) од с.Стајковци, скопско, пријавила дека во близина на гробиштата во с.Булачани, скопско, била касната од куче скитник во пределот на десната рака.

Полициски службеници од СВР Битола на 27, 28 и 29 декември извршиле контрола за алкохол, брзина, управување без возачка дозвола, нерегистрирани возила, непочитување првенство. Притоа, констатирано е дека **девет** возила биле нерегистрирани, **седум** возачи управувале возило без возачка дозвола, **16** возачи биле под дејство на алкохол и биле исклучени од сообракај, **двајца** возачи зборувале на мобилен телефон, додека други **двајца** не користеле сигурносен појас. За сите неправилности се издадени соодветни налози.

На 29.12.2019 во 16.45 часот на локалниот пат кај с.Лисичани, кичевско, патничко возило „фолксваген тигуан", со странски регистарски ознаки, управувано од Џ.Д.(47) од с.Лисичани, удрило во пешакот Р.И.(68) од с.Лисичани. Во незгодата пешакот Р.И. се здобил со тешки телесни повреди и бил пренесен во Медицински центар Кичево за укажување на лекарска помош. Увид на место на настанот извршиле јавен обвинител и екипа од Полициската станица Кичево.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Прилеп поднесе кривична пријава против С.Ј.(62) од с.Селце, прилепско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, продавање, набавување, посредување во трговија или вршење размена со огнено оружје, муниција или експлозивни материи". На 20.09.2019 во домот на пријавениот во с.Селце, полициски службеници извршиле претрес, при што пронашле и одзеле ловна пушка, за која не поседувал дозвола.

Полициската станица Радовиш поднесе кривична пријава против Љ.П.(69) од Радовиш поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 20.09.2019 во

домот на пријавениот на ул.„Пере Тошев" во Радовиш, полициски службеници извршиле претрес, при што пронашле и одзеле пушка М-92 калибар 7,9 мм, за која не поседувал соодветна документација и рачна бомба.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Л.Е.(52) од Гостивар, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „даночно затајување". Во периодот од 2014 до 2018 година во Гостивар пријавениот, во својство на физичко лице, во континуитет избегнал да уплати персонален данок на доход на други видови приходи во вкупна вредност од 713.824 денари, со пресметана вкупна камата за временскиот период во износ од 184.720 денари. Паричните средства пријавениот ги остварил од изградба и продажба на станови, за кои бил обврзан да плати данок констатиран со записник од надворешна контрола, извршена од страна на Управа за јавни приходи - Дирекција Тетово.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против С.М.(30) од Охрид и ТДПТУ Мистер И Л & А ДООЕЛ Охрид во Охрид, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „узурпација на недвижности". На 11.07.2019 на ул.„Кеј Македонија" во Охрид, пријавениот во својство на управител на правно лице ,,Мистер И Л & А" ДООЕЛ Охрид, без да поседува Одобрение за поставување урбана опрема на јавна површина и без да плати соодветен надоместок на општина Охрид, поставил урбана опрема пред својот угостителски објект и од страна на Одделение за инспекциски надзор изготвен е записник за извршен надзор со кое е донесено Решение да ја отстрани урбаната опрема од пред угостителскиот објект, но од страна на пријавените не е постапено по Решението.

На 29.12.2019 околу 17.00 часот во СВР Скопје, Б.Б.(24) од Скопје пријавил дека на 26.12.2019 околу 22.00 часот пред кино во трговски центар, поради претходно недоразбирање, бил физички нападнат од три лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против правното лице ДПТТУ „Кондан-1", со седиште во Тетово и М.Р.(51) од Тетово, вработен во истото правно лице, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „узурпација на недвижности'' и „бесправно градење''. Пријавениот, во својство на одговорно лице на правниот субјект, без да поседува соодветна документација издадена од надлежен орган, на катастарска парцела извршил градба на деловен објект со површина од 522 метри квадратни, на штета на Земјоделска задруга „25-Мај", сопственост на А.Б. од Тетово.

На 29.12.2019 во 18.35 часот во СВР Скопје, И.Н.(25) од Скопје пријавил дека околу 18.30 часот на ул.„Партизански пат", поради недоразбирање во сообраќајот, бил физички нападнат од Ж.Б.(31) од Скопје. Сочинет е записник за констатиран прекршок по член 12 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против четири малолетници од Струмица (двајца на возраст од 13 и по еден од 15 и 12 години), поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „разбојништво". На 12.12.2019 на влезната врата од црквата „Св.Кирил и Методиј" во Струмица пријавените физички го нападнале Н.П., кој продавал свеќи, по што влегле внатре и одзеле пари од кутија за донации.

На 29.12.2019 во 21.20 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, К.П.(33) од Скопје пријавила дека околу 20.10 часот во паркот во Ѓорче Петров нејзиниот малолетен син, поради претходно недоразбирање, бил физички нападнат од Д.М. од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.12.2019 околу 16.10 часот во угостителски објект на крстосница од Маркова Сушица кон с.Елово, скопско, од слобода бил лишен Ш.И.(26) од с.Елово, бидејќи попречувал полициски службеници во вршење на службено дејствие, при обид за лишување од слобода на Џ.Ј.(39) од с.Елово, кој претходно ги омаловажувал полициските службеници и го напуштил местото на настанот. Подоцна, тој сам се пријавил во Полициската станица Драчево. По целосно документирање на случајот, против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)